‚Ако е навистина така како што велиш, тогаш ти како да ги храниш со жежок пепел. И сè додека продолжуваш да постапуваш така, постојано ќе имаш помошник од Аллах против нив.‘“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека некој човек рекол: „‚О, Божји пратенику, имам роднини кон кои се однесувам добро, а тие ја прекинуваат врската со мене. Им правам добро, а тие ми возвраќаат со зло. Им покажувам благост, а тие се однесуваат грубо кон мене.‘ Тогаш, Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му одговорил: ‚Ако е навистина така како што велиш, тогаш ти како да ги храниш со жежок пепел. И сè додека продолжуваш да постапуваш така, постојано ќе имаш помошник од Аллах против нив.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Еден човек му се пожали на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, дека има роднини кон кои постапува добро, но тие му возвраќаат спротивно на тоа; ги одржува роднинските врски со нив и ги посетува, а тие ги прекинуваат односите со него; им прави добрина, покажува верност и благост, а тие му возвраќаат со неправда и грубост; трпелив е спрема нив и им простува, но тие кон него се однесуваат лошо и го навредуваат. Па го прашал: „Дали треба да продолжам да одржувам врска со нив и покрај сето ова?“ Тогаш, Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му одговорил: „Ако е точно така како што велиш, тогаш ти ги засрамуваш и понижуваш во нивните души, како да ги храниш со жежок пепел, бидејќи твојата добрина е очигледна, а нивните лоши постапки се срамни за нив самите. И сè додека продолжуваш така, Аллах ќе ти даде поддршка против нив и ќе те заштитува од нивната штета, сè додека ти останеш на својот пат на добрина, а тие продолжат со нивното лошо однесување спрема тебе.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3863